# Упатство за рачно пополнување на новите товарителници на БРЗА ПРАТКА

- **ВО ДЕЛОТ - ИСПРАЌАЧ се пополнуваат:**

**ОД** се запишува градот/селото од каде што се испраќа пратката.

Опција 1. **ФИРМА** се запишува името на фирмата-испраќач
Доколку е нова фирма, задолжително се запишува и опција 2.

Опција 2. Доколку испраќачот не е фирма, туку е физичко лице, **АДРЕСА, ТЕЛЕФОН** и **ИСПРАЌАЧ**.
Овие полиња се задолжителни за целосна контрола и проверка во врска со пратките.

- **ВО ДЕЛОТ - ПРИМАЧ се пополнуваат:**

**ДО** се пишува градот/селото до каде што се испраќа пратката.
Доколку селото е слабо познато, се запишува и област.

Опција 1. **ФИРМА** се внесува име на фирмата, доколку соработува често не се запишува Опција 2.

Опција 2. Доколку примачот не е фирма, туку е физичко лице, или фирмата е нов клиент, се внесуваат информации за лицето, негова **АДРЕСА**(задолжително име на улица или булевар, не на град/село, бидејќи во тој случај ќе се наплати како за достава до град), **ТЕЛЕФОН** и **ПРИМАЧ**.
Овие полиња се задолжителни за целосна контрола и проверка во врска со пратките.

- **ВО ДЕЛОТ – УСЛУГА се пополнуваат:**

Задолжително се штиклира **ДОКУМЕНТ** или **ПАКЕТ** во зависност од видот на пратката.

Доколку е пакет, се запишуваат:
**БРОЈ** се запишува бројот на пакетите.

**№ кеса** се пополнува кога пратката е спакована во кеси на БРЗА ПРАТКА.
Доколку е вредносна пратка, задолжително е да има број на кеса.

**ОПИС** се запишува видот на пратката.
Незадолжителни полиња се КРШЛИВО И ЛОШО СПАКУВАНО.

При означување на **КРШЛИВО** ќе се транспортира пратката со особено внимание; при нејзиното усвојување, за пратка задолжително ќе се изврши преглед на нејзиниот интегритет.

**ЛОШО СПАКУВАНО**, доколку е лошо спакувана, во други услови се запишува: не одговараме при оштетување и се бара да стави потпис испраќачот во истото поле.

За **КГ** се запишува тежината на пратката.

**ДИМЕНЗИИ** во см се пополнуваат задолжително кога не е документ или пратка во кеса со тежина (Пр. НКС, Тренди Модни Додатоци) до 2 кг, сите други треба да имаат внесени димензии.

**ДОСТАВА**се штиклира *база-база, база-врата, врата-база*или *врата-врата*;

**НАДВОР ОД РАСПОРЕД** –задолжително е кога пратката е до локација е до село, од втора или трета зона се обележува соодветниот ден на достава, за да се знае колку е итна доставата, побрзата дстава е поскапа, доколку не е запишано, ќе се смета дека се бара најевтината достава.

Во **ДРУГИ УСЛОВИ** испраќачот ги наведува останатите податоци поврзани со пратката (доколку пратката се враќа, бројот на пратката по која се враќа) или горенаведеното **ЛОШО СПАКУВАНО**.

- **ВО ДЕЛОТ - ПЛАЌАЊЕ се пополнуваат:**

Задолжително се означува исплаќачот на цената за достава на пратката.
Услугата за транспорт може да ја плати:
1. **ИСПРАЌАЧ**
2. **ПРИМАЧ**
3. **ТРЕТА СТРАНА**

И задолжително се означува **НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**:
1. **ВО ГОТОВО**
2. **КЛ. №** (КЛИЕНТОВ БРОЈ) – Плаќање на фактура

- **ВО ДЕЛОТ - ЦЕНОВНА ЗОНА (ДЕН. СО ДДВ) се пополнуваат:**

**ОСНОВНА УСЛУГА**- се запишува цената доколку фирмата не плаќа на фактура. Доколку плаќа на фактура, во системот се генерира автоматски цената за наведениот испраќач.
Доколку не сте сигурни за цената, не ја запишувајте ние ќе ја пресметаме при внесување во систем.

**ОТКУП СУМА**- При испраќање на пратка со откуп, се внесува неговата вредност и задолжително се обележува Собери или Исплати, во зависност од тоа дали таа се собира од примачот или му се исплаќа;

**ППД**- Се штиклира доколку пратката е со повратен документ и се запишува цената на услугата.

- ✓ **<u>Ако примачот одбива пратката после преглед да се врати на негова (моја) сметка.</u>**
  1. Ако пратката е на негова сметка, бараме од примачот да си го плати патот за враќање назад со нова товарителница.
  2. Ако е на моја сметка го враќаме на испраќачот за негова сметка со нова товарителница.
  3. ако не е штиклирано, се консултирате со Диспечерски центар на Брза Пратка (070386910) дали таа пратка ќе се врати или уништи.
- ✓ **<u>Одобрувам пратката да се тестира 10 мин. пред да се плати откупот.</u>**
  1. Оваа услуга изнесува 50 ден. доколку со испраќачот не е договорено друго. Со оваа услуга примачот ја плаќа цената за транспорт и може да ја отвори пратката, да ја тестира 10 мин. во присуство на курир и потоа да одлучи дали ќе ја земе и дали ќе плати откуп.
- ✓ **<u>По доставата на пратката да се врати оригинал товарителница на испраќачот со име и потпис на примачот.</u>**
  1. Се штиклира и потоа се води како повратен документ и се наплаќа како повратен документ.

**<u>ВП (ВРЕДНОСНА ПРАТКА)</u>** - При декларираната вредност на пратката, се запишува вредноста на стоката. Тие пратки се предаваат од рака на рака.

**<u>ДОСТАВА ДО</u>**- услуга за приоритетна достава, се внесува час во видот "ЧЧ:ММ"
Може да се изврши не порано од 10:00 часот и не подоцна од 16:00 часот.
Цената на оваа дополнителна услуга изнесува 100 денари.
Под точност на достава се подразбира плус или минус 30 минути од посакуваното време на достава.
Населени места за кои важи оваа услуга се: Скопје, Куманово, Свети Николе, Штип, Кочани, Велес, Виница, Струмица, Радовиш, Валандово, Гевгелија, Неготино, Кавадарци, Битола, Охрид, Струга, Кичево, Тетово, Гостивар, Прилеп, Богданци.

Доколку има потреба се штиклира **<u>ПАКУВАЊЕ</u>** и се пресметува цена за услугата.

- **ВО ДЕЛОТ -ПРИЕМ И ПРЕДАВАЊЕ НА ПРАТКАТА**

**<u>Примил</u>**: дата, час и курир кој ја превземал пратката

**<u>Испраќач</u>** доколку не се потпише испраќачот, куририот носи одговорност доколку се пренесува забранета стока или пратката оштетува други пратки.

**<u>Предал:</u>** дата, час и курир кој ја доставил пратката

Доколку пратката не може да се достави, се заокружува причината за неуспешна достава.
Доколку причината не е наведена, се јавувате во контакт центарот на Брза Пратка (071223119).
Доколку имате прашања врска пополнувањето на товарителницата, контактирајте ја колешката Ивана (075333068).

*Со Почит, Тимот на Брза Пратка.*